Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-7527/18
10.10.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за гранична контрола, што го утврди на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.10.09 15:42:03 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 08.10.2025
Проверил: Никола Пасков, 08.10.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 08.10.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 08.10.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.10.09 14:14:32 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 08.10.2025 13:31 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=1802429f-2da7-46e4-9e87-c5448fcf6f8c&docSharePointURL=/materijali/2025/638857499390963317/Documents/act.docx&materialId=4f1931b7-27c2-4719-9218-b79202db3d4d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| Предлагач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Претставници: | Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и<br><br>д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи |
| Повереник: | Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи |

Предлог на закон
за изменување на Законот за гранична контрола

Скопје, октомври 2025 година

## В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за гранична контрола (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.170/10, 41/14, 148/15, 55/16, 64/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.171/22 и 19/23), нормативно правно се уредуваат граничната контрола, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународната полициска соработка.

Содржински, Законот за гранична контрола (*) е поделен во XIV глави: општи одредби, надлежности и овластувања во вршењето на граничната контрола, преминување на државната граница, гранични проверки, граничен премин и подрачје на граничниот премин, граничен надзор, гранична линија, работи на полицијата во внатрешноста, соработка меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување, меѓународна полициска соработка, обработка на лични податоци и евиденции, овластување за подзаконски прописи, прекршочни одредби и преодни и завршни одредби.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за гранична контрола се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за гранична контрола (*).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување од Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

Предлог на закон
за изменување на Законот за гранична контрола

Член 1
Во Законот за гранична контрола (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.170/10, 41/14, 148/15, 55/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22 и 19/23), членовите 56 и 57 се бришат.

Член 2
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

Со Законот за гранична контрола (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.170/10, 41/14, 148/15, 55/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22 и 19/23), нормативно правно се уредуваат граничната контрола, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународната полициска соработка.

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за гранична контрола се бришат членовите 56 и 57 од Законот, кои се однесуваат на Националниот координативен центар за гранично управување.

Измените кои се предлагаат се со цел воспоставување на соодветен систем за интегрирано гранично управување согласно европските пракси, Шенгенските документи и согласно документот произлезен од Твининг проектот „Aligning the national systems with the EU and the Schengen requirements for border management“, кој беше завршен уште во 2022 година и даде јасни препораки за воспоставување на поефикасен, поекономичен и постандардизиран систем за гранично управување.

Досегашната поставеност, со посебно владино тело задолжено за граничното управување е уникатен и надминат систем кој веќе не постои во ниту една земја од Европската Унија и земјите од регионот кои се стремат да бидат дел од Европската Унија.

Современиот систем за гранично управување предвидува граничното управување да биде во институција задолжена за спроведување на законот која е надлежна меѓу другото и за интегрираното гранично управување (гранични проверки, граничен надзор, борба против илегална миграција, фалсификување документи итн). Овој систем се смета за поекономичен и покомпактен, од причина што наместо досегашното владино тело кое нема оперативна, туку само координативна улога, ќе се овозможи потребните активности поврзани со граничното управување да се вршат непосредно преку граничната полиција или во координација со останатите органи кои се дел од системот за интегрирано гранично управување.

Согласно постоечките проекти и Шенгенските препораки, сите земји аспиранти за членство во ЕУ со поддршка на Фронтекс развиваат национални координативни центри, кои во иднина ќе бидат дел од EUROSUR мрежата. Овој нов координативен центар ќе биде преструктуиран од дежурниот центар кој веќе постои во рамки на организациската единица за гранични работи и миграции.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложениот закон се меѓусебно поврзани и имаат за цел нивна соодветна практична имплементација.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за гранична контрола ќе се изврши подобрување на системот за гранична безбедност, подобрување на функционалноста на националниот систем за гранично управување и натамошно усогласување со Европската Унија и стандардите во рамки на процесот на исполнување на критериумите за придружување во Европската Унија (Поглавје 24).

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА ШТО СЕ МЕНУВААТ

Национален координативен центар за гранично управување

Член 56

За постигнување на ефикасна координација, олеснување на размената на податоци и информации и поголема ефикасност на системот за интегрирано граничното управување се формира Национален координативен центар за гранично управување (во натамошниот текст: Националниот координативен центар).

Националниот координативен центар е составен од координатор, заменик-координатор и претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Царинската управа и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во работата на Националниот координативен центар може да учествуваат и претставници на други државни органи кои имаат надлежност во граничното управување.

Во работата на Националниот координативен центар во согласност со ратификуван меѓународен договор може да учествува и офицер за врска на странска држава, меѓународна организација и институции (агенции) на Европската Унија.

Координаторот и заменикот-координатор од ставот 2 на овој член ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од пет години.

За именување на координатор и заменик - координатор на Националниот координативен центар се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За координатор на Националниот координативен центар може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен соодветно високо образование;
4) има минимум десет години работно искуство во државен орган што има надлежност во граничното управување;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

За заменик - координатор на Националниот координативен центар може да биде именувано лице кое ги исполнува условите од ставот 7 точки 1, 2, 3 и 5 на овој член и кое

има минимум осум години работно искуство во државен орган што има надлежност во граничното управување.

Координаторот и заменик - координаторот можат да бидат разрешени по нивно барање, кога се осудени за сторено казниво дело на казна затвор од најмалку шест месеца или заради несовесно и нестручно вршење на работата.

Претставниците од ставот 2 на овој член од редот на своите вработени ги определува функционерот кој раководи со државниот орган кој има надлежности во граничното управување.

Работи кои ги врши Националниот координативен центар

Член 57

Националниот координативен центар од членот 56 на овој закон ги врши следниве работи:

- ги координира активностите во врска со граничното управување меѓу државните органи што имаат надлежности во граничното управување,
- врши активности во насока на олеснување на размената на податоци и информации меѓу државните органи што имаат надлежност во граничното управување,
- остварува поголема интеграција во граничното управување меѓу државните органи што имаат надлежности во граничното управување,
- остварува координација во спроведувањето на заедничките планови и постапки за постапување во итни случаи и
- ги координира активностите во прекуграничната соработка во врска со граничното управување меѓу државните органи што имаат надлежности во граничното управување во согласност со ратификуван меѓународен договор.

Националниот координативен центар за својата работа донесува деловник.

Националниот координативен центар еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија.